*Упатство за инсталација на FXClient 2.0.0.6*

Инсталацијата на апликацијата FX Client и софтверот за работа со смарт картички се инсталираат преку истиот инсталационен пакет.

На страната за корисничка поддршка инсталациониот пакет е спакуван во fx2006.zip фајлот. Откако ќе го распакувате овој фајл на произволна локација на вашиот компјутер, побарајте го фајлот setup.exe. Со активирање на овој фајл започнува инсталацијата на апликацијата FXClient верзија 2.0.0.6 и софтверот за работа со смарт картички.




Притиснете на копчето *Следно* ќе се појави следниот прозорец:



Ова е моментот кога го бирате типот на инсталација односно компонентите кои треба да ги инсталирате.

- **Комплетна** инсталација значи дека ќе се инсталира апликацијата FXClient, ќе се инсталирата базата на податоци и ќе се инсталира софтверот за работа со смарт картичката.
- **По избор**, значи дека може да бирате која од компонетите ќе ги инсталирате. Изборот го правите со штиклирање на компонентата, како што е прикажано на следниот прозорец.




*Напомена: Кога креирате повеќекорисничка околина базата на податоци се инсталира само еднаш, на еден компјутер кој сте одбрале да биде сервер.*

Во следниот чекор се задава локацијата (фолдерот) каде што ќе се инсталира програмот.




Инсталацијата започнува по притискање на копчето *Next.*

Откако процесот на копирање ќе заврши, следуваат инсталациите на неопходните сертификати за работа.

Сертификатите играат улога при размената на податоци меѓу вашата апликација и банката, поточно се неопходни во процесот на криптирање и заштита во преносот на податоците. Ќе се појават следниве прозорци за импорт (внес на сертификати) :




Кликнете на *OK* и ќе се појави прозорец за внес на сертификати. Постапката е крајно едноставна.

Следете ги прозорците : Само притиснете на *Next*.







Притиснете *Next.*




Притиснете *Finish*.

Постапката се повторува идентично за два сертификати: Root Сертификат и 24x7 Сертификат.

На крајот е процесот на инсталација на базата на податоци каде ќе се чуваат вашите информации .




Во зависност од оперативниот систем кој го користите, на крајот од вас може да биде побарано да го рестартирате компјутерот (важи само за Windows 98).